Најнов број

Импресум

Маркетинг

Архива

Пребарај

Претходен број




Броеви комплетно достапни за читање on-line

Број 102




Број 101




Број 100




Број 99




Број 98




Број 97




Број 96




Број 95




Број 94




Број 93




Get Adobe Reader

**78**

# ПОЛИТИЧКИ РОКЕНРОЛ: Како и да е, 28 март 2009 година СЕ случи!

**ВАНГЕЛ НОНЕВСКИ**

**vangelnonevski@gmail.com**

Никој не е побезнадежно поробен од оној кој слепо верува дека е слободен.

**Јохан Волфганг фон Гете**



На 28. март 2009 година јас најверојатно јадев риба за ручек, оти во саботите ние дома најчесто јадеме риба. Меѓутоа, можеби токму таа сабота беше исклучок од правилото. Можеби сум јадел некаква манџа или нешто слично, но печен дивеч секако не. Не се сеќавам точно. Како и да е, тој ден веста за немирите на плоштадот јас ја дочекав сит. Тоа значи дека е крајно небитно што јадев, бидејќи главниот настан таа сабота беше (контра)протестот.

Меѓуфразата "како и да е" најчесто се користи како стилска разделница која врши привремено суспендирање на процесот на изведување заклучок, со цел – по небитното интермецо во излагањето – да може што поефектно да се "поентира" со она што всушност, е најбитно – имено, заклучокот. Се работи за реторичка финта која овозможува разиграност во излагањето и побудува интерес во изнесувањето (изненадување) на ставовите на говорникот. Во овој случај, јас ја користам за да укажам дека тој ден имав полн стомак (ете го небитното интермецо) и можев трезвено да ги примам сите потребни податоци во врска со тој настан, за потоа вредносно да се поставам кон него (ете го и битниот заклучок кој нема суштинска врска со интермецото).

Меѓутоа, главниот проблем со таа стилска досетка е во тоа што многу лесно може да се користи за залажување, за релативизирање на тезите и како средство за суспензија на битното. Доколку умееме вешто да се користиме со меѓуфразата "како и да е", можеме да "направиме" битното да испадне небитно и обратно. Тоа најчесто се случува со замаглување на тезите, при што и заклучокот станува подложен на релативизирање. Има луѓе кои кога се користат со стилската интерполација "како и да е", тоа го прават на крајно несоодветен начин, односно се користат со тој трик за да направат каша-попара од одредени настани кои не им одат во прилог на личниот светоглед и/или на идеолошките интереси.

Во својата колумна од 7. април 2009 година, Митрополитот Европски Пимен го вели следново во врска со (контра)протестите од 28. март 2009 година: "Кој почнал, кога сите се заплеткавме во оваа мрежа и сите паднавме. Уште поинтересно е, што на крај веднаш по настанот излезе дека не сме се разбрале. Едните демек, не биле разбрани дека не се против изградба на храм, туку на каков било објект на плоштадот, а другите демек ревноста кон верата ги кренала… сите тие биле за мирен протест, но сега, с# е по свадба тапани, вклучително и анализите од стручни лица, па ајде и јас да се вбројам тука. Како и да е, било и да не се повтори, зашто како сме тргнале, не дај Боже, крваво ќе биде на камен-темелникот, зашто тогаш во нечии раце ќе има и лопати." (Нешто слично пред неколку денови изјави и архиепископот, г. г. Стефан, имено дека виновниците за инцидентот треба да се бараат и на двете страни.)

И јас не сакам да има крв на лопатите, но за да се осигураме дека такво нешто веќе никогаш нема да се повтори, треба точно да знаеме зошто тоа се случи и кои се виновниците. Во спротивно, само попусто изјавуваме желба тоа да не се повтори, а во суштина не сакаме или не сме подготвени ништо да сториме во врска со неповторувањето. Кога ќе се знае кои се виновниците (а тоа може многу лесно да се одреди според јасните видео снимки) и кога тие, заедно со нивните нарачатели и организатори, ќе бидат соодветно казнети, дури тогаш ќе можеме да бидеме сигурни дека следниот пат оние што мислат поинаку ќе размислат двапати дали вреди своите ставови да ги поткрепуваат со насилство.

Немам причина да не верувам дека Пимен навистина посакува такво нешто никогаш повеќе да не се случи. Меѓутоа, кога виновниците за инцидентот подеднакво се лоцираат и во двете групи ("едните демек не биле разбрани…, а другите демек ревноста кон верата ги кренала"), тогаш насилството на контрапротестантите се релативизира на најгруб и најпогубен начин. Не сме сите заплеткани, како што сака да верува Пимен! Учесниците во Првата архибригада точно знаеја зошто протестираат и тоа го правеа на мирен начин. (Во тоа може секој да се увери доколку го прочита нивниот напис "Наша обврска е да се грижиме за архитектурата на Скопје!" во Теа Модерна од 8. април 2009 година.) Јас, исто така, знам дека с# уште имам грижа на совест што тој ден не бев во можност да стигнам и да им се приклучам. Заплеткани се оние што не можат или не се осмелуваат јавно да ги осудат конкретните насилници кои кукавички се криеја зад крстот, мислејќи дека на тој начин гревовите ќе им бидат простени. На таквите тенденции треба изрично да се каже: НЕ. Бидејќи е непроценливо битно да се потенцира дека токму тие што тепаа (вклучително и свештените лица кои беа во толпата и не се оградија), мислејќи дека своето спасение за злосторствата ќе можат да го купат во новиот храм, се вистинските безбожници.

"Како и да е, било и да не се повтори." Тоа се желбите на Пимен. Тоа се, исто така, и мои желби. Но, за желбите да станат стварност, потребно е да се сеќаваме. Тој ден треба да се запамети и нешто да се научи од него, за во иднина да не се повтори.

Во филмот 300, кога 300-те Спартанци се борат против далеку побројните Персијци, еден од малкумината храбри Грци ќе се здобие со повреди кои ќе го оневозможат неговото понатамошно војување. Спартанецот ќе падне во очајание, бидејќи дознава

...

дека нема да може да се бори рамо до рамо, со своите соборци. Тогаш, кралот на Спартанците Леонидас, ќе му се обрати насамо и ќе му каже дека неговата следна задача е исто толку важна колку и задачата на оние што ќе продолжат да се борат за слобода без него. Тој треба да се врати во Спарта и да пренесе дека малкумината храбри и слободољубиви се противставиле на мнозината поробувачи. Тој треба да го направи она што е можеби поважно и од самата борба – да го овековечи сеќавањето на неа.

Не Пимен! 28. март не е само ден што доаѓа по 27. март, како што Вие ја насловивте Вашата колумна (во која понатаму продолжувате да изнесувате небулозни тези дека тие настани се на некој начин поврзани со секуларизацијата), со што го релативизирате неговото значење и практично сакате тој да ја загуби својата важност. 28. март е денот кога слободарското малцинство се противстави на безумното мнозинство и тој треба уште долго да се памети!

Глобус 2007. Сите пр

Powered by nextsense webBuilder